# Извадок на дел од дневни настани 17.03.2020

На 16.03.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Саса“, ги лишиле од слобода Н.Р.(22) и А.И.(22) двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.03.2020 во 13.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Црешево, при извршен преглед кај А.Д.(19) од Скопје, пронашле нож на расклопување. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.03.2020 во 14.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк, при извршен преглед кај Ф.Б.(23) и И.Н.(25), двајцата од Скопје, пронашле два ножа на расклопување. Тие биле приведени, поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.03.2020 во 06.20 часот било пријавено дека на бул.„Александар Македонски“, во близина на пешачкиот надвозник во нас.Хиподром, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „рено мастер фриго“, со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Б.(42) од Велес и патничко возило „опел корса“, со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.Т.(36) од с.Петралица, Крива Паланка. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „опел корса“, А.Ј.(53) од с.Огут, Крива Паланка, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.03.2020 во 20.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Г.И.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров“ бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака и десната потколеница.

Во текот на 16.03.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при што се санкционирани: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол, еден возач поради поминување на црвено светло и еден возач поради недавање на првенство на минување на пешаци. Во текот на изминатиот ден, 11 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.03.2020 во 18.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.В.Ј.(35) од Скопје пријавила дека на ул.„Перо Наков“ била касната од куче скитник во пределот на левото колено.

На 16.03.2020 во 20.42 часот во СВР Скопје, А.Е.(21) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на автопат во близина на бензинска пумпа во с.Идризово, додека управувал патничко возило „ауди“, со скопски регистарски ознаки, во кое сопатници биле А.Ч.(23) и Х.А.(21), и двајцата од Скопје, кон нивното возило било пукано од огнено оружје од непознато лице, кое било во патничко возило „ауди А8“, со скопски регистарски ознаки. Набрзо, на бул. „Никола Карев“ патничко возило „мерцедес“ со удар се обидело присилно да го запре возилото на пријавителот, кој успеал да го напушти местото на настанот. Повредени лица нема, се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.03.2020 во 16.00 часот во СВР Битола, 17-годишна малолетничка од Канада, со привремен престој во Битола, пријавила дека околу 14.40 часот на место викано „Стара касарна“, заедно со нејзината 14-годишна сестра, А.Б.(18) и Х.Р.(19), поради претходно недоразбирање, биле физички нападнати од А.К. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.03.2020 околу 20.00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, С.Р.(29) од с.Кондово, скопско, пријавил дека околу 17.40 часот на крстосница од ул.„Радушка“ и ул.„Борис Сарафов“, додека управувал со патничко возило „опел“, со скопски регистарски ознаки, бил пресретнат од патничко возило „пежо“, со непознати регистарски ознаки, управувано од Д.Н., при што по претходна расправија поради недоразбирање во сообраќајот, Д.Н. извадил пиштол и почнал да упатува навреди и закани кон пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.03.2020 во 16.00 часот на ул.„11 Октомври“ во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.Б.(56) од Скопје, поради нарушување на јавниот ред и агресивно однесување кон полициски службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.03.2020 околу 12.35 часот во СВР Охрид било пријавено дека во с.Октиси, струшко, во помошна просторија, бил пронајден починат Ј.С.(83). Увид на местото на настанот извршиле увидна екипа од Полициска станица Струга и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 16.03.2020 околу 19.00 часот во СВР Скопје, А.Б.(32) од Скопје пријавил дека во фирма на ул.„20“ во с.Бразда, скопско, настанал пожар во товарно возило „мерцедес“, со скопски регистарски ознаки. Пожарот е изгаснат, а увид извршен.

На 16.03.2020 во 15.15 часот во СВР Скопје, З.Д.(56) од Скопје, пријавил дека околу 13.30 часот на паркинг на ул.„Лазар Трповски“, од комбе „фиат дукато“, едно лице со закана со нож му одзело мобилен телефон и избегало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.03.2020 во 20.10 часот во Полициска станица Драчево, К.Ш.(51) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на паркинг на ул.„Бранко Заревски“ бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против З.Т.(41) и Т.А.(43), двајцата од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи од безбедноста“. На 01.03.2020 пред угостителски објект во Пробиштип, првопријавениот физички го нападнал Д.Ѓ., кој работел како обезбедување на објектот, по што второпријавениот искористил прилика и физички го нападнал З.П., исто вработен како обезбедување на објектот.

На 16.03.2020 во 17.45 часот во Полициска станица Гази Баба, Д.Г.(63) од Скопје пријавил дека на паркинг на ул.„Перо Наков“ бил каснат од куче скитник во пределот на нозете.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Г.К.(43) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“. Во текот на мај 2019 пријавениот, во својство на претседател на Општинска изборна комисија - Пехчево, во текот на спроведување на „Претседателски избори 2019“ свесно ги пречекорил границите на службеното овластување и овозможил да бидат исплатени парични средства на двајца заменици членови на ОИК-Пехчево, Ж.К. и Б.К. од Пехчево, иако не биле ангажирани за извршување работни обврски во текот на спроведување на изборите. Г.К. своеволно ги пополнил обрасците (ПРФ-Формулар за присуство на работа на наведените лица) и истите ги предал во финалниот извештај за работа на ОИК, заедно со формуларите на другите членови кои учествувале во спроведувањето „Претседателски избори 2019“, со што на незаконит начин им овозможил да прибават имотна корист, нанесувајќи штета на буџетот на ДИК на РСМ.

На 16.03.2020 во 18.10 часот во Полициска станица Гази Баба, А.А.(20) од с.Огњанци, скопско, пријави дека во близина на пешачки мост во с.Инџиково, скопско, бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.А.(30), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“ и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“. Во временскиот период од 19.02.2020 до 25.02.2020 пријавениот, на работно место помлад референт - матичар во Управата за водење на матични книги, во матично подрачје Бутел и Чаир, ја злоупотребил својата службена положба со пречекорување на своите службени овластувања, спротивно на член 5 од Договорот за вработување на начин што ги искористил податоците од туѓа платежна картичка од банка, стекнувајќи се со противправна имотна корист. Сопственичката на платежната картичка при вадење на извод од матичната книга на венчаните му ја предала платежната картичка на пријавеното лице за да изврши наплата на потребните парични средства. Во горенаведениот период, платежната картичка останала кај пријавениот и тој направил уште 32 трансакции, по основ на уплата за вадење на изводи од матичните книги на родените, венчаните и умрените од други странки, известувајќи ги дека тој за нив ќе ги уплати паричните средства од неговата платежна картичка, а парите земени во готово од странките ги присвојувал.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет